069.51:004.9

# Дигитализацијата како инструмент за развој на музејските колекции

Анита Илиева Николовска
*Македонска академија на науките и уметностите, Скопје*
*Лексикографски центар*

*Апстракт:* **Тргнувајќи од размислувањата за лоцирањето и контекстуализацијата на различните постапки обединети под терминот „дигитализација“ во музејското опкружување, како и од теориските поставки според кои големата фаза на акумулација на физички предмети на традиционален начин за музеите е минато и она што мора да биде нивен приоритет е обезбедувањето на пристап до колекциите и општествената корист од нив, во овој труд направен е обид дигитализацијата да се постави како основа за една изменета практика на музеите, каде што таа ќе претставува инструмент за развој на музејските колекции во квалитативна смисла, односно основа за нивно разгледување како средство или ресурс, а не крајна цел на музејските институции. Релативизирајќи го физичкиот простор и постоење, дигитализацијата отвора нови и неограничени можности на идејниот, концептуален простор и постоење на музејските предмети и континуирано компаративно преобмислување на поширокото културолошко значење на колекцијата како целина и на нејзините конститутивни елементи, како од страна на музеите, така и од страна на корисниците на on-line содржините. Оттука, ефектите од дигитализацијата на музејските колекции може да се разгледуваат и во контекст на утврдувањето на оние вредносни категории според кои се конструира и остварува културниот идентитет и културната меморија на средината во која тие дејствуваат.**

*Клучни зборови:* **дигитализација, музејска колекција, виртуелна реалност, корисник, културна меморија**

## I. Вовед

Дигитализацијата е, без сомнение, доминантна тема на денешницата, која се теоретизира, анализира и вреднува во однос на сите аспекти на животот и во врска со оние нешта со кои навидум беше неспојлива. Технолошките трендови и норми на дигиталната „револуција“ на нашето информатичко општество, не ги одминаа ниту музеите, па така денес врз овие институции се врши нагласен притисок за активно вклучување во процесите на информатизација и дигитализација, односно активно учество во оформувањето на сѐ она што се подразбира под одредницата „дигитална култура“. Во тој контекст, се поставуваат барања од чиешто (не)ис-

полнување зависи нивната долгорочна иднина. Според едни мислења, доколку музеите не ги прифатат и не успеат да ги артикулираат предизвиците што врз нив ги наметнуваат новите информатички технологии и дигиталната епоха која ја живееме, тогаш и нивниот опстанок во 21. век ќе биде доведен во прашање (Deloš, 2006: 198). Според други, токму технологијата ќе претставува основа за „повторно раѓање" на музеите, кои во процесот на реакција кон новите можности за подобрување на интерпретацијата и пристапот до музејските информации, фундаментално ќе ги редефинираат и променат своите традиционални практики и перцепцијата на својата улога и цел во современото општество (Knell, 2003 : 141).

Сепак, и покрај впечатокот дека имплементацијата на информатичките технологии е најголемиот предизвик со кој се соочуваат музеите денес, состојбите покажуваат дека голем дел од нивните современи проблеми и натаму остануваат во сферата на материјалното и тие еволуираа од една поширока констелација на промени кои се одвиваат веќе подолго време. Императивите за рационализација на колекционерството во јавните музеи од крајот на 1980-тите години (Pettersson, 2010 : 152), прифаќањето на идеите според кои акцентот на музејската работа во однос на колекциите би требало да се стави повеќе на информацијата и контекстот отколку на предметите (Washburn, 1984 : 14), притисоците за јавна и широка достапност на информациите за музејските колекции кои ги создадоа барањата на различни групи мотивирани од цела низа фактори (Stam, 1989 : 190), резултираа со преместување на приоритетите во однос на натамошниот развој на колекциите, прогласувајќи ја големата колекционерска фаза за завршена и истакнувајќи дека фокусот на музеите треба да се насочи кон најшироката публика и нејзините потреби, односно кон овозможувањето на широк пристап до музејските колекции и општествената корист од нив (Hooper-Greenhill, 2000 : 152).

Оттука, вистинските предизвици за музеите денес се справувањето со конкретните физички и концептуални проблеми во врска со нивните колекции, засегајќи го, од различни аспекти, поширокиот поим „управување на колекциите" (collection management). Насочувајќи го вниманието во нивното управување на различните музејски дејности (Fahy, 1995 : 2), музеите денес треба да ги разгледуваат колекциите како средство или ресурс, а не како своја (крајна) цел (Van Mensch and Meijer-van Mensch, 2011 : 19). Наместо натамошна акумулација на предмети кои треба да ги пополнат празнините во нивната обединувачки наратив, музеите мора да изнајдат нови интелектуални пристапи за оживување на колекциите, кои вклучуваат отвореност кон сите алтернативни перспективи (Wilkinson, 2005: 14) и насочување на вниманието кон барањето начини како да се зајакне нивната внатрешна кохерентност и особен профил (Pettersson, 2010 : 153). Тоа подразбира развивање на значенски пристап кон колекционирањето, постоење на информирано знаење за постоечките колекции и подготвеност да се предизвикаат имплицитните претпоставки за нивната важност. Со други зборови, колекциите треба да се истражуваат како процеси или практики, фокусирајќи се на нивниот локален контекст: поврзаноста меѓу желбите, потребите и дискурсите кои ги прават различни и во однос на формата и во однос на функцијата, со по-

себно внимание кон взаемната интеракција на публиката, целта и околностите кои ги лоцираат во историска и реторичка смисла (Mejcher-Atassi and Schwartz, 2012 : 1).

Тргнувајќи од овие поставки, во овој труд иницијативите за дигитализација се разгледуваат како основа за една изменета практика на музеите во однос на колекциите, кои имаат капацитет да придонесат за нивен развој во квалитативна смисла, односно зголемување на нивната вредност. Со оглед на широкото лоцирање и контекстуализација на различните постапки обединети под терминот „дигитализација“ во музејското опкружување,[1] треба да укажеме на тоа дека во разработувањето на темата не се задржуваме на детално разгледување на една одредена форма на дигиталната примена (како што се веб локациите на музеите, различните бази на податоци за колекциите, системите за нивно управување и сл.), туку фокусот е на употребата на дигиталните технологии во врска со развојот на колекциите, кој, во поголема или помала мера, ги опфаќа сите нив заедно.

## II. Дигитализација на музејските колекции – дилеми, можности, перспективи

Дискусијата за употребата на дигиталните технологии во музејски контекст треба да започне со отфрлање на старата предрасуда која и денес во голема мера ги следи музеите, а тоа е сфаќањето дека овие институции, заради традиционализмот и конзервативноста што им се припишуваат, имаат одбивност кон сè што носи предзнак „ново“. Вистината е, може да се рече, спротивното. Историјата на музеите јасно покажува дека заради подобро постигнување на своите цели, тие честопати и предводат во применувањето на новите технологии и всушност, токму способноста за прилагодување кон менувачките потреби и барања го обезбеди нивниот опстанок до денес. Па сепак, неодминлив е фактот дека прифаќањето на современите информатички и комуникациски технологии во музеите се одвива со значително побавно темпо (за разлика од библиотеките и архивите, на пример) и дека нивната употреба и натаму предизвикува бројни прашања и дилеми, кои генерално потекнуваат од исклучивоста на аргументите *pro et contra*. Јасно е дека музејската заедница не може лесно да ја опфати идејата за дигитализација: (ис)чекорот во дигиталниот простор е проследен со ветувачки визии за проширување на интелектуалните и креативните хоризонти, но тоа е, исто така, простор во кој музеите ги демнат бројни ризици и опасности, а казната за евентуалниот неуспех во справувањето со нив, ја вклучува и можноста за губење на јавната доверба (*Building and Sustaining Digital Collections*, 2001 : 15). Оттука, развиената расправа има за цел, пред сè, да се изнајдат начини за интелигентно справување со ризиците и истовремено да се понудат такви решенија за употреба на технологијата, кои во основа ќе значат *надградба/збогатување*, а не *замена/загуба* на суштинските функции и особености на музејските институции и нивниот материјален свет.

Генерално гледано, дилемите за употребата на дигиталните технологии во музеите тргнуваат од двојните премиси кога тие се применуваат врз културното наследство: од една страна, се истражуваат можностите на дигиталните медиуми како инструменти за претставување, управување и дисе-

минација на информациите, а од друга, се испитува и се укажува на нивното влијание врз природата на информацијата што ја комуницираат. Како што укажува Л. Манович, петте генерални принципи кои ги карактеризираат дигиталните медиуми, се здобиваат со специфични значења кога ќе се применат на специфична област, како што е, на пример, културното наследство (Manovich, 2001 : 49-65). Оттука, можеби повеќе од која било друга постара технологија употребена во музеите, дигиталната има потенцијал да влијае врз самото *значење* на претставената содржина и на начинот на кој општеството ја интерпретира, во смисла на сликата за културата којашто ја создава. Овие прашања ја формираат основата за анализа на придобивките и загубите со примената на дигитализацијата, чиишто резултати треба да покажат дали нејзината употреба е корисна за музеите и воопшто во однос на културното наследство, или, во обидот да им служи, таа истовремено ги уништува (Kalay, 2008 : 3).

Дополнителни прашања и проблеми произлегуваат и од претпоставката за постоење на радикални разлики меѓу материјалниот и виртуелниот свет, сфатени како низа спротивности чијшто карактер не се оспорува меѓутоа се укажува на нивното значење. Оттука, на воведувањето на дигиталните технологии во музеите се гледа како на закана за востановената култура и практика на музејскиот комплекс, чиишто последици се губење на институционалниот авторитет, специфичната аура која ја поседуваат и музејските предмети и музејот како ентитет, способноста да се прави разлика меѓу она што е реално и она што е копија, десакрализација на музејскиот предмет и негово претворање во „производ“ и сведување на знаењето на информација (Witcomb, 2007 : 35). Кога овие дилеми ќе се постават во однос на она што се нарекува етичка моќ на музејските колекции (Cooke, 2005 : 8), или вредностите кои ги овоплотува нивната материјалност, тогаш сосема логично изгледа прашањето: како можат новите технологии, кои се поврзуваат со симулација и репрезентација, со нешто измислено и лажно, да ја унапредат функцијата на музеите во однос на колекциите, имајќи ја предвид често истакнуваната и, во секој случај, апсолутно вистинита констатација дека музеите се места чијашто единственост и кредибилитет потекнуваат токму од можноста што во нив може да се видат и доживеат „реалните“, автентични нешта? (Spenser, 1998 : 490). Според современите гледишта, вака поставена, дискусијата тргнува од сосема погрешен правец. Критичките размислувања за значењето и последиците од очигледните трансформации, предизвици и можности што дигиталните технологии ги поставуваат пред музеите укажуваат дека употребата на дигитализацијата не треба да се разгледува само низ тесната рамка на формалистичките поими за технологијата и материјалноста (Cameron, 2007 : 54), туку дека притоа мора да биде опфатена пошироката слика, во која е вклучено и развивање на подобро разбирање за врските меѓу материјалната култура и културните промени кои ги донесоа новите технологии.

Погледнато од оваа перспектива и во контекст на современите сфаќања за значењето, функцијата и употребата на музејските колекции, може да се рече дека физичкиот пристап до нив денес во многу нешта е ограничен. Врзаноста на физичката димензија на материјалноста на предметите со

конкретен, физички медиум, ја прави аналогната содржина линеарна, ограничена и фиксирана (Delany and Landow, 1994 : 3) и подложна на деградација. Ако се има предвид дека оформувањето на колекциите, како и на изворите на информации за нив, повеќе е длабоко исклучиво отколку непристрасно и објективно (Wallace, 2001 : 81), односно процесот на колекционирање, документирање и интерпретација во музеите секогаш е субјективен, селективен и културно специфичен (Gavrilović, 2006 : 53), тогаш на аналогната содржина може да ѝ се припишат и карактеристиките на привременост и минливост, зашто таа секогаш е врзана за претставувањето кое е предодредено од авторот. Оттука, во традиционалните музеи, единичните интерпретации на содржината во согласност со модернистичката емпириска основа на организација и интерпретација на колекциите, резултираат со еднонасочна и статична комуникација со музејските предмети: музеите се авторитативни дистрибутери на содржината, тие го интерпретираат контекстот и значењето на предметите и управуваат со нивното разбирање во рамките на изложбената форма, која следи одредена линеарна наративност со добро дефиниран почеток, средина и крај. Со оглед на тоа што колекциите се во крајна линија селекции, музеите се свесни за недостатоците кои се инхерентни на природата на предметните колекции, но не се во состојба да се заштитат против видовите извртувања што тие недостатоци ги претставуваат.

Наспроти тоа, новите технологии го менуваат не само начинот, туку и *видот* на пристап и комуникација со музејските колекции, овозможувајќи ангажмани и искуства кои ги надминуваат архитектонскиот простор на музејот и границите на колекцијата. Главната предност на дигиталната информација е тоа што може да се употребува во различни контексти и за различни цели, па оттука моќните бази кои значително го прошируваат обемот на податоци за колекциите, како и видовите на културно наследство што може да се опфатат и презентираат,[2] овозможуваат изградба на флексибилни информациски системи за колекциите, кои имаат клучно значење за нивниот долгорочен развој и грижа.

Денес, конструкцијата на дигиталните бази на податоци и начините на кои дигиталните колекции може да се поврзат во виртуелната околина, кои отвораат можности за нови сфаќања на музејските предмети, раслојување на нивните значења и контексти и различни начини на презентација во зависност од профилот на корисникот, доведуваат до преиспитување на традиционалните музејски практики, особено во однос на документацијата и интерпретацијата. Додека раните проекти на употреба на информатичките технологии во музеите главно беа насочени кон автоматизација на системите за документација или унапредување на функционалниот аспект во користењето на информациите за музејските колекции, со цел да се овозможи едноставен, брз и ефикасен пристап до нив, истакнувањето на императивот дека крајната цел на дигитализацијата треба да биде отворениот пристап и широка дисеминација на информациите на Интернет, ги соочи музеите со предизвикот да се создадат нови модели на податоци за on-line колекциите, кои се способни да ги опишат, објаснат и интерпретираат музејските колекции во однос на различните историски, културни и дисциплинарни

контексти и дискурси (Cameron and Robinson, 2007 : 165). Тоа го трансформира начинот на кој знаењето поврзано со материјалните колекции се создава и управува од страна на музеите и во однос на документацијата претпоставува усвојување на современите теориски поставки и техники на концептот „управување со знаење“ и нејзино разгледување од примарно дигитална перспектива.[3]

Според современите теориски гледишта, дигиталните технологии, а особено оние кои се јавуваат од појавата на Web 2.0 до денес, имаат огромен потенцијал да го револуционизираат концептот на дигиталните колекции и нивната употреба, односно да ги трансформираат музеите од статични авторитети кои ја поседуваат и контролираат содржината, во динамични платформи за нејзино генерирање и споделување (Simon, 2010 : 7). За разлика од првите проекти за on-line пристап до колекциите, кои главно претставуваа конверзија на постоечките податоци и методологии во дигитален формат, односно ги повторуваа традиционалните изложбени и документациски структури на музеите во виртуелно опкружување, не загрозувајќи го нивниот авторитет во однос на контролирањето и интерпретацијата на содржината, најновите достигнувања во оваа област овозможуваат сосема нови искуства на корисниците, кои може да се сметаат за иновација во досегот на публиката. Новите начини на кои можат да се пребаруваат, истражуваат и употребуваат базите на податоци од страна на корисниците резонираат со интелектуални карактеристики на постструктуралистичкиот текст, каде што информацијата може да се организира, манипулира, сегментира, преработува и пренесува на модуларни и разновидни начини (Manovich, 2001 : 131). Во таа смисла може да се рече дека дигиталните технологии и Интернетот потенцијално го претставуваат крајниот постмодерен медиум: корисникот може да создава сопствени, алтернативни патишта низ информациите и да инкорпорира свои семантички означувања (tags), со вклучување на дополнителна мултимедијална содржина, што претставува вистински постмодерен пристап кон содржината, навигацијата и пребарувањето на информациите (Cameron and Robinson, 2007 : 173).

Зголемувањето на капацитетот за синтеза или поврзување на предметите од една колекција со други предмети и колекции во други музеи, со луѓе, места, настани, периоди, класификации и мноштво други контексти, има големо влијание врз интерпретацијата, привлекувајќи го вниманието кон оние аспекти на „приказната“ кои дотогаш можеби биле непретставени или непознати. Меѓутоа, овие инхоативни предности поставуваат и сериозни предизвици во однос на справувањето со проблемите за контрола врз интелектуалната сопственост на музеите и спречувањето да се еродира интегритетот и контекстуализацијата на предметите во колекциите. Дестабилизацијата на границите на физичката колекција во виртуелната околина ја нагласува важноста од одразувањето на контекстот или контекстуалните информации поврзани со дигиталните предмети, па оттука предизвикот за интеграција, посредување и размена на разновидните информации за културното наследство, чијашто крајна цел треба да биде формирање на кохерентен глобален извор, го вклучува и предизвикот за конструирање на нови концептуални рамки со силни референтни онтологии (*The DigiCULT*

*Report*, 2002 : 198-199). Со други зборови, развојот на полисемички мултимедиумски амбиенти на знаењето, кои ја вклучуваат визијата за идниот семантички веб, го актуализираат прашањето за развивање на концепти како ќе се управуваат и стандардизираат мета податоците за музејските предмети, затоа што „идните корисници можеби ќе имаат бројни алатки како да ги откријат зачуваните дигитални предмети кои се релевантни на нивните особени интереси, но тоа не значи дека ќе бидат во состојба да извлечат и некоја смисла од нив“ (Lee, 2007 : 1).

Оттука, во контекст на современите размислувања за улогата на музеите во општеството, кои се концентрираат на начинот на нивна комуникација со публиката и подразбираат преместување на фокусот од тоа *како најдобро* кон тоа *како вистински* да се направат колекциите корисни за луѓето (Keene, 2005 : 184), дигитализацијата претставува голема можност од нив да се создаде сосема нов вид важен музејски ресурс, кој може да се користи на многубројни, креативни начини. Развивањето на дигиталните технологии ги истакнува барањата музеите да го преместат своето внимание од предметите на луѓето, од еден систем за класификација на многу значења донесени од публиката, од избор на предмети во рамки на изложбената поставка на директен пристап до колекциите, од институции засновани на физичкиот простор кон институции засновани на идеи и знаење, од централни кон дистрибуирани, од професионална контрола кон демократизација (Ibid. : 140). Овие барања ги предизвикуваат конвенционалните сфаќања за музејската репрезентација, историја и култура, но тие, исто така, овозможуваат да се активира, ангажира и трансформира нивниот интелектуален капитал, процес кој се одвива паралелно со промените во професионалната култура на музејските институции и во организациска и во практична смисла. Тргнувајќи од поставката за тоа кои нови сфаќања може да се изведат од заемната врска меѓу материјалните и дигиталните колекции, истражувањето на улогата, функцијата и имагинативната употреба на дигиталните колекции овозможува создавање на една сосема нова форма на музеите како демократски амбиенти, во кои е присутно поголемо разбирање за значењето и вредноста на музејските колекции и посилен, значенски однос меѓу музеите и средината во која тие дејствуваат.

## III. Музејските колекции, дигитализацијата, идентитетот и меморијата

Со оглед на тоа што дигитализацијата отвора нови и неограничени можности за „средба“ со артефактите и наративите на културното наследство на досега незамисливи начини и нивоа, драматично зголемувајќи ја пристапноста до најразлични пишувани, визуелни, аудитивни и аудиовизуелни извори, таа се смета за особено корисна алатка во остварувањето на мемориската функција на музеите, која фрла нова светлина врз нивната моќ да го одберат и да му дадат легитимитет на она што ќе биде вклучено во колективната меморија на општеството. Сложениот однос меѓу музеите, историјата, меморијата и публиката денес е предмет на бројни истражувања, како од теориска така и од практична гледна точка, што во голем дел се должи на растечкиот интерес на културните студии и на општествените науки воопшто за меморијата и

заборавањето (Forty, 1999 : 2). Во тој контекст, се нагласува улогата на музеите во генерирањето и утврдувањето на оние вредности и верувања според кои се конструира и остварува културниот идентитет и културната меморија на средината во која тие дејствуваат, односно се укажува на нивниот придонес во поцелосното разбирање на минатото и поттикнувањето на свеста и желбата да им се пренесе на идните генерации меморијата за минатото која не би требало да се заборави туку попрво да се запамети.

Објективно гледано, ако музејското искуство и практика ги разгледуваме исклучиво во однос на категоријата „меморија", тогаш, кога станува збор за музејските колекции сфатени како „колекции на меморијата", може да се извлечат повеќе предизвикувачки забелешки во врска со антропологијата на меморијата и музеите (Gable and Handler, 2011 : 25), што покажува дека нашето разбирање на поимите „историја" и „меморија" самото по себе е прашање. Генерално гледано, претпоставката дека материјалните предмети може да служат како аналогии на човековата меморија беше премногу тесно сфатена, што предизвика музејските колекции во буквална смисла да се гледаат како физички претставници на меморијата,[4] доведувајќи до објективизирање на мемориската функција во музеите (Crane, 2000 : 3). Според современите гледишта, токму од местото каде што се проширува растојанието меѓу историјата и меморијата треба да започне преиспитувањето на улогата на музеите во модерната култура, зашто „ако музеите и натаму се сфаќаат како 'контролирани' институции кои исполнуваат културни, општествени или идеолошки функции, личните искуства за музеите продолжуваат да покажуваат нешто друго – како музејското искуство се менува од она што претставува намера да се прими во вистинска рецепција, меморија во умот на музејските посетители" (Ibid. : 6). Оттука, вниманието во разгледувањето на музејските функции во врска со културната меморија треба да биде насочено на начинот на кој музеите ги селектираат и прикажуваат материјалните „докази" на минатото, како ги конструираат и пренесуваат нивните значења и како потоа таа субјективна, реконструирана, нецелосен наратив за минатото (Nora, 1989 : 8), во процесот на нејзино воспримање од страна на посетителите, во нивното искуство, се трансформира во нешто што претставува лично разбирање на минатото и историјата, еден вид „историско чувство" кое е независно од професионалните идеали на институцијата (Black, 2011 : 416).

Ако формирањето на идентитетот е динамичен процес кој го определува историјата, меморијата и сеќавањето, кои се суштински повеќеслојни и силно зависни од индивидуалната, емоционална и рационална врска со материјалните и нематеријалните остатоци од минатото, тогаш, во врска со нашата тема, се поставуваат повеќе прашања: Како се менува односот меѓу музеите, историјата, меморијата и публиката во виртуелниот свет? Ја имаат ли музеите истата посредничка улога во средбата на културата, историјата и меморијата и во виртуелниот простор, која во „реалниот" се остварува низ процесот на селекција, колекционирање, заштита и презентирање? Можат ли дигиталните сурогати да имаат еднакво влијание врз процесите на културната меморија, имајќи ја предвид долгата историја на нејзино поврзување со чувањето и заштитата на материјалните предмети и гледиштата де-

ка токму во оваа смисла, преку предметите во нивните колекции, кои се „единствената класа на историски настани кои се случиле во минатото но опстанале во сегашноста ...автентичен, примарен историски материјал“ (Prown, 1993 : 2-3), кои претставуваат видлива и допирлива врска со меморијата на минатите општества (Black, 2011 : 418), музеите може да се гледаат како нешто што е многу повеќе од само типолошка колекција на докази за минатото – како складишта и чувари на меморијата на човештвото? Според нашето мислење, одговорите на овие прашања, на едно општо рамниште, доведуваат до сознанието дека новите медиуми, односно разнообразните средби меѓу корисниците и културното наследство во виртуелниот простор, имаат амбивалентен потенцијал врз оформувањето на културниот идентитет и процесите на културна меморија.

Современите истражувања укажуваат дека дигиталните и материјалните колекции може да функционираат како интерактивни спроводници во ангажирањето на емоционалните искуства и во проширувањето на меморијата, сеќавањето и идентификацијата, затоа што особеностите на реалните предмети, впишани во кодирањето на нивната дигитална форма, стануваат квалитет кој носи порака за корисникот, кога ги истражува и интерпретира нивните особености внатре контекстот на музејската информација, научените искуства и безбројните избрани значења засновани на имагинацијата и други метафорички врски (Cameron, 2007 : 56). Натаму, со оглед на тоа што оформувањето на дигиталните колекции претпоставува активен кураторски процес на селекција, вреднување и интерпретација кој е еквивалентен на оној за материјалните, токму заради одлуката што да се дигитализира и изворите кои се потребни за „преведување“ на материјалните предмети во дигитална форма, дигиталните сурогати ги илустрираат, повторуваат и пренесуваат општествените врски и значења создадени за „реалните“ – предмети, зголемувајќи ја истовремено нивната вредност како најзначајни во музејските колекции. Во оваа инстанца, именувајќи ги врвните точки на општествените, културните, технолошките и естетските достигнувања и нудејќи допирливи врски меѓу минатото, заедницата и идентитетот, дигиталните сурогати исто така служат да се формира и потврди колективната општествена меморија, односно овој процес на „селективна канонизација“ го пренесува авторитетот и материјалниот и институционалниот фактуалитет на овие рамки, кои потоа тешко можат да се доведат во прашање (Ibid., : 57-58).

Меѓутоа, се чини дека поврзувањето на дигиталните сурогати со меморијата може да биде само на комплементарен начин. Тие може да се вреднуваат во однос на придонесот во едукацијата или истражувањето на материјалните предмети, комуникацијата на знаењето, новите начини на интеракција со колекциите културно наследство, но сето тоа го збогатува само рационалното искуство на корисниците. Дигиталните сурогати претставуваат компромис во кој моќта на автентичниот предмет и неговиот идентитет се жртвувани и заменети со пристап до нумеричка слика, која длабоко ја изобличува емотивната функција (Deloš, 2006 : 197). Рецепцијата преку монитор секогаш е оддалечена: емотивна поврзаност може да се воспостави само кога пред себе ги имаме реалните предмети, зашто

тогаш гледаме нешто што не претставува само историски знак, туку нешто што многу јасно има белези на творба направена од човекот (Knell, 2003 : 139-140). Оттука, поврзувајќи ги со процесите на културната меморија, дигиталните сурогати треба да се сфатат како „интенционални, типично функционални артефакти“ (Genette, 1997 : 224), кои претставуваат „индиректна манифестација“ на автентичниот предмет и чијашто цел е да ја обезбедат свеста за неговото постоење, што е, исто така, покрај самиот материјален предмет, суштински дел од неговиот идентитет (Ibid. : 218).

Особено важен аспект во разгледувањето на ефектите на дигитализацијата во однос на културниот идентитет и културната меморија, на кој треба да му се посвети изделено внимание, претставува начинот, односно моделите за дигитално процесирање на податоците и нивно пребарување. Познато е дека дигиталните технологии овозможуваат вкрстено референцирање и заедничко, едновремено присуство на предметите во виртуелната околина, менувајќи ја историски наратив на музејот со една форма на меморијата која е слична на компјутерската RAM меморија (Henning, 2006 : 136). Со оглед на тоа што произволната маса на дигиталната колекција не се управува низ една обединувачки наратив, како што е случај кај материјалните колекции, туку технички – преку моделот за процесирање на податоците и нивно пребарување, токму губењето на контекстот на предметите *како дел од колекцијата* и нивното преместување во други контексти е она што може да претставува сериозна пречка за искуството и интерпретацијата на културното наследство од страна на корисниците и, со оглед на тоа што неговото значење во голема мера се должи на придонесот во оформувањето на нашето чувство за место и припадност, да доведе до губење на секое правилно чувство за идентитет (Malpas, 2008 : 23). Додека е јасно, од една страна, дека дигитализацијата претставува единствениот можен начин да се поврзат сите елементи на наследството и да се намали влијанието на идеологијата врз претставувањето на културата (Gavrilović, 2007 : 151), дека преместувањето на предметите во нови контексти може да состави нови „гласови“ околу нив правејќи ја музејската меморија транспарентна, флексибилна, демократска, јасно е, исто така, дека самото преместување не е доволно – новите контексти во кои се вградени или вметнати музејските предмети мора да обезбедат правилен ангажман со нив. Оттука, ако во виртуелниот простор музејот дејствува како складиште (Ernst 2000 : 25), тогаш негова примарна задача е да ги „научи“ корисниците како да ги истражат, разберат и збогатат врските меѓу колекциите и предметите, односно како да се справат со информациите (Ibid. : 18).

Музеите мора да го разберат виртуелниот простор во чии рамки се присутни и исто како во реалниот свет, да бидат свесни за поширокиот контекст на нивната улога. Предизвикот во дефинирањето на пристапот и повторната употреба на нивните дигитални содржини, се однесува на нивната улога како дистрибутери на авторитативна содржина, што значи дека интегритетот, авторитетот и контекстуализацијата на знаењето и информациите кои се однесуваат на материјалните колекции мора да се задржат и во виртуелното опкружување. Заради огромниот квантитет на податоци и сурови информации на Интернет, традиционалните музеј-

ски механизми за селекција на податоците, базирани на професионалните норми и стандарди, знаење на тематиката и областа, со внимание кон потребите на корисниците, имаат клучно значење за развој на „интелигентно наследство“ и информатичко општество базирано на знаењето (Knell, 2003 : 137). Музеите се институции кои уживаат огромна јавна доверба и очекувањата на корисниците во виртуелниот свет се засновани врз нивната лична меморија за музеите како историски институции. Оддалечувањето, или дури целосното отстранување на институционалниот авторитет од искуството на корисниците, може да предизвика „искривување“[5] на таа жива меморија, на личната, интимна поврзаност за концептуалниот ентитет „музеј“.

## IV. Заклучок

Значењето и вредноста на музејските колекции денес се утврдуваат во врска со пошироките општествени и културни цели што тие можат да ги исполнат, што подразбира нивно разгледување како динамични структури и усвојување на сосема нов епистемолошки пристап во нивниот развој и управување, кој создава можности за активен ангажман на мноштво нивоа и од различни аспекти.

Нема сомнение дека виртуелниот пристап до колекциите и информациите за нив е најважниот развој во управувањето на колекциите, кој отвора сосема нови можности за музеите, чиишто предности лесно може да се предвидат: дигиталните системи кои нудат флексибилен и интерактивен пристап до различни типови информации, податоци и содржини, овозможуваат проширување и трансформација на моделите за документација и интерпретација на колекциите; претставуваат поддршка на методите за заштита и конзервација; создаваат можности за развивање на нови модели за едукација и истражување и претставуваат особено важен инструмент за нивна рационализација. Меѓутоа, она што има суштинско значење е можноста за споделување и поврзување на културните содржини над институционалните граници, што може да претставува основа за развивање на здружени иницијативи и соработка во однос на употребата на културните ресурси, не само меѓу музеите, туку и со другите институции на сеќавањето (библиотеките и архивите). Токму таа концепција е базична за практиката на музејската професија и лежи во вистинскиот темел на модерниот музеј како општествена институција во вредносен контекст.

Оттука, идејата за дигитализација може да се разгледува и како прашање на избор кој има значително влијание на тоа како музеите ги предвидуваат и како им даваат приоритет на своите ресурси. Оставајќи ги настрана гледиштата во кои се преплетуваат апокалиптичните сценарија за иднината на музеите и фасцинацијата од технолошкиот напредок која материјалните нешта ги прави излишни, она што со сигурност може да се тврди дека влијанието и ефектите на дигитализацијата врз начинот на музејско размислување допрва ќе се почувствуваат во наредните децении и сè поизвесно е дека иднината на музеите ќе биде онаа која се однесува на нови простори, нови колекции и нова публика, и попрво поинакви ризици и можности.

## Белешки

[1] За различните сфаќања и дефиниции в.: Bašić, Hasenay and Krtalić, 2010 и Evens and Hauttekeete, 2011.

[2] Особено нематеријалното и различните типови на т.н. „born-digital" материјали.

[3] За современите пристапи кон документацијата на музејските колекции, в.: Илиева Николовска, 2013.

[4] Тргнувајќи од гледиштето според кое модерната меморија „во целост се потпира на материјалноста на трагата, моментноста на бележењето, видливоста на сликата" (Nora 1989: 13), следствено, се усвои сфаќањето дека и нејзиното „повторување и трансмисија" исто така мора да се случуваат во материјалните, тродимензионални места. Со цел да задржат барем некои траги од „оригиналната" меморија, современите општества се обидуваат да ги зачуваат податоците за минатото преку организирани видливи знаци, вклучувајќи ги тука и музејските колекции и изложби (Catalani, 2010 : 239). Сепак, *lieux de mémoire*, местата на меморијата, ги содржат надворешните потпори и материјални потсетници на колективната меморија, па според тоа во музеите повеќе станува збор за категоријата „историја", која ги користи физичките траги како средства да го реконструира минатото, а не за „вистинска меморија", која е „вкоренета во конкретното: во просторот, гестот, сликата и предметот" (Nora, 1989 : 8-9). Со други зборови, музеите, или нивните колекции, им даваат статус на идеите, луѓето или заедниците, тие даваат моќно чувство за место, идентитет и припадност и може да нè информираат за минатото на некој особен начин и да инсистираат тоа сознание да го додадеме во нашата свест, но не може да ни ја дадат онаа меморија која „официјално" ја чествуваат (Gable and Handler, 2011 : 25).

[5] Концептот за „искривување" (distortion), кој С. Крејн го анализира во однос на музејските изложби во реалниот, физички простор и кој се случува во моментот кога личната меморија на посетителите за минатото или нивните очекувања во однос на музејското искуство не се пресретнати (Crane, 1997 : 45), според нашето мислење во целост може да се примени во однос на искуството на корисниците во виртуелниот простор.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


[1] Bašić, Josipa, Damir Hasenay and Maja Krtalić. "What is Worth of Digitizing: the Selection Criteria." *Papers from BOBCATSSS Conference: Bridging the Digital Divide: Libraries Providing Access for All?, Parma, Italy, 25-27 January 2010.* (Online). Available: http:// dspace-unipr.cilea.it/bitstream/1889/1283/1/Basic_paper. pdf.

[2] Black, Graham. "Museums, Memory and History." *Cultural and Social History* 8 (3) (2011): 415-427.

[3] Cameron, Fiona. "Beyond the Cult of the Replicant: Museums and Historical Digital Objects – Traditional Concerns, New Discourses." *Theorizing Digital Cultural Heritage – A Critical Discourse.* Eds. Fiona Cameron and Sarah Kenderdine. Cambridge, MA and London, UK: MIT Press, 2007. 49-75.

[4] Cameron, Fiona and Helena Robinson. "Digital Knowledgescapes: Cultural, Theoretical, Practical, and Usage Issues Facing Museum Collection Databases in a Digital Epoch." *Theorizing Digital Cultural Heritage – A Critical Discourse.* Eds. Fiona Cameron and Sarah Kenderdine. Cambridge, MA and London, UK: MIT Press, 2007. 165-191.

[5] Catalani, Anna. "Teling 'Another' Story: Western Museums and the Creation of Non-western Identities." *Encouraging Collections Mobility – A Way Forward for Museums in Europe.* Eds. Susanna Pettersson, Monika Hagedorn-Saupe, Teijamari Jyrkkiö and Astrid Weij. Helsinki: Finnish National Gallery, 2010. 236-245.

[6] Cooke, Pat. "Things and Technology: Museums as Hybrid Institutions of the 21 st Century." *Papers from International Workshop: Re-Thinking Technology in Museums: Towards a New Understanding of People's Experience in Museums, Limerick, Ireland, 29-30 June 2005.* University of Limerick: Department of Computer Science and Information Systems. (Online). Available: http://www.idc.ul.ie/ museumworkshop/Papers/Cookefull.pdf.

[7] Council on Library and Information Resources. *Building and Sustaining Digital Collections: Models for Libraries and Museums.* Washington, DC, 2001. (Online). Available: http://www.clir.org.

[8] Crane, Susan A. Introduction. *Museums and Memory*. Ed. Susan A. Crane. Stanford, CA: Stanford University Press, 2000. 1-16.

[9] Crane, Susan A. "Memory, Distortion, and History in the Museum." *History and Theory* 36 (4) (1997): 44-63.

[10] Delany, Paul and George P. Landow. "Hypertext, Hypermedia and Literary Studies: the State of Art." *Hypermedia and Literary Studies*. Eds. Paul Delany and George P. Landow. Cambridge, MA: The MIT Press, 1994. 3-51.

[11] Deloš, Bernar. *Virtuelni muzej: ka etici novih slika*. Prev. Vera Pavlović. Beograd: Clio, Narodni Muzej, 2006.

[12] Ernst, Wolfgang. "Archi(ve)textures of Museology." *Museums and Memory*. Ed. Susan A. Crane. Stanford, CA: Stanford University Press, 2000. 17-34.

[13] European Commission: Directorate-general for the Information Society. *The DigiCULT Report: Technological Landscapes for Tomorrow's Cultural Economy – Unlocking the Value of Cultural*

*Heritage*. January 2002. (Online). Available: ftp://ftp.cordis. europa.eu/ pub/ ist/docs/ digicult/full_report.pdf.
[14] Evens, Tom and Laurence Hauttekeete. "Challenges of Digital Preservation for Cultural Heritage Institutions." *Journal of Librarianship and Information Science* 43 (3) (2011): 157-165.
[15] Fahy, Anne. Introduction. *Collections Management*. Ed. Anne Fahy. London, New York: Routledge, 1995. 1-7.
[16] Forty, Adrian. Introduction. *The Art of Forgetting*. Eds. Adrian Forty and Susanne Küchler. Oxford: Berg, 1999. 1-18.
[17] Gable, Eric and Richard Handler. "Forget Culture, Remember Memory?." *Museums and Memory*. Ed. Margaret Williamson Huber. Knoxville, TN: Newfound Press, University of Tennessee Libraries, 2011. 23-44.
[18] Gavrilović, Ljiljana. "Muzeologija u vakuumu." *Етноантрополошки проблеми* н.с. 1 (1) (2006): 45-58.
[19] Gavrilović, Ljliljana. "Cyber Museum: Tools for Heritage Protection." *Proceedings of the Regional Conference ICOM SEE: Condition of the Cultural and Natural Heritage in the Balkan Region, Vol. 1, Kladovo, Serbia, 23-27 October 2006.* Ed. Mila Popović-Živančević. Belgrade: National Museum, 2007. 147-151.
[20] Genette, Gérard. *The Work of Art: Immanence and Transcendence*. Trans. G. M. Goshgarian. Ithaca, NY: Cornell University Press, 1997.
[21] Henning, Michelle. *Museums, Media and Cultural Theory*. Berkshire, UK: Open University Press, 2006.
[22] Hooper-Greenhill, Eilean. *Museums and the Interpretation of Visual Culture*. London and New York: Routledge, 2000.
[23] Илиева Николовска, Анита. "Документација музејских колекција – савремени приступи." *Читалиште* 22 (2013): 34-45.
[24] Kalay, Yehuda E. Introduction. *New Heritage: New Media and Cultural Heritage*. Eds. Yehuda E. Kalay, Thomas Kvan and Janice Affleck. London and New York: Routledge, 2008. 1-10.
[25] Keene, Suzanne. *Fragments of the World – Uses of Museum Collections*. Oxford, UK: Elsevier Butterworth-Heinemann, 2005.
[26] Knell, Simon J. "The Shape of Things to Come: Museums in the Technological Landscape." *Museum and Society* 1 (3) (2003): 132-146.
[27] Lee, Christopher A. "Taking Context Seriously: A Framework for Contextual Information in Digital Collections." UNC SILS Technical Report 2007-04. University of North Carolina: School of Information and Library Science, 18 October 2007. 1-37. (Online). Available: http://sils.unc.edu/sites/default/files/general/research/TR_2007_04.pdf.
[28] Malpas, Jeff. "Cultural Heritage in the Age of New Media." *New Heritage: New Media and Cultural Heritage*. Eds. Yehuda E. Kalay, Thomas Kvan and Janice Affleck. London and New York: Routledge, 2008. 13-26.
[29] Manovich, Lev. *The Language of New Media*. Cambridge, MA: The MIT Press, 2001.
[30] Mejcher-Atassi, Sonja and John Pedro Schwartz. Introduction. *Archives, Museums and Collecting Practices in the Modern Arab World*. Eds. Sonja Mejcher-Atassi and John Pedro Schwartz. Farnham, UK: Ashgate Publishing Limited, 2012. 1-30.
[31] Nora, Pierre. "Between Memory and History: Les Lieux de Mémoire." *Representations* 26 (1989): 7-24.
[32] Pettersson, Susanna. "Collections Mobility – Stepping Forward." *Encouraging Collections Mobility – A Way Forward for Museums in Europe*. Eds. Susanna Pettersson, Monika Hagedorn-Saupe, Teijamari Jyrkkiö and Astrid Weij. Helsinki: Finnish National Gallery, 2010. 152-160.
[33] Prown, Jules David. "The Truth of Material Culture: History or Fiction?." *History from Things: Essays on Material Culture*. Eds. Steven Lubar and W. David Kingery. Washington, DC: The Smithsonian Institution, 1993. 1-19.
[34] Simon, Nina. *The Participatory Museum*. Santa Cruz, CA: Museum 2.0, 2010.
[35] Spenser, Hugh A. D. "Supercharging the Cultural Engine: Advanced Media at Heritage and Educational Attractions." *Digital Illusion: Entertaining the Future with High Technology*. Ed. Clark Dodsworth Jr. New York: ACM Press/Addison-Wesley Publishing Co., 1998. 489-500.
[36] Stam, Deirdre C. "Public Access to Museum Information: Pressures and Policies." *Curator* 32 (3) (1989): 190-198.
[37] Van Mensch, Peter and Léontine Meijer-van Mensch. *New Trends in Museology*. Celje: Muzej novejše zgodovine, 2011.
[38] Wallace, Amanda. "Collections Management and Inclusion." *Including Museums – Perspectives on Museums, Galleries and Social Inclusion*. Eds. Jocelyn Dodd and Richard Sandell. Leicester: University of Leicester, Research Centre for Museums and Galleries, Department for Museum Studies, 2001. 80-83.
[39] Washburn, Wilcomb E. "Collecting Information, Not Objects." *Museum News* 62 (1984): 5-15.
[40] Wilkinson, Helen. *Collections for the Future (Report of a Museums Association Inquiry)*. London: Museums Association, 2005.
[41] Witcomb, Andrea. "The Materiality of Virtual Technologies: A New Approach to Thinking about the Impact of Multimedia in Museums." *Theorizing Digital Cultural Heritage: A Critical Discourse*. Eds. Fiona Cameron and Sarah Kenderdine. Cambridge, MA; London, UK: The MIT Press, 2007. 35-48.